РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 11.06.2026 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| 10 | 2456/1 | | |


**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 77/21, 154/23, 55/24, 193/24 и 247/25), се доставува:

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Контролен;

2. **Субјект на надзорот:** Јавно радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Прв програмски сервис (МРТ1);

3. **Период опфатен со надзорот:** 3 јуни 2026 година;

4. **Датум на извршување на надзорот:** 11 јуни 2026 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 55 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (пласирање производи);
   - **Упатство за примена на одредбите за пласирање производи - пречистен текст** (Бр. 01-2970/1 од 05.07.2024);

6. **Претходно изречена мерка:**

*На 13.05.2026 година, за непочитување на членот 55, став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата донесе решение за изрекување мерка – јавна опомена (Уп1. бр. 03-128 од 13.05.2026 година) на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Прв програмски сервис (МРТ1).*

*Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на решението (13.05.2026 г.) да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

7. **Констатации од надзорот:**

Со контролниот програмски надзор врз телевизискиот програмски сервис на ЈРП МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Прв програмски сервис (МРТ1), емитуван на 3 јуни 2026 година, на државно ниво, констатирано е дека субјектот на надзорот (радиодифузерот) **во целост постапил по решението за**

**изрекување мерка – јавна опомена**, односно ја отстранил извршената повреда од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

8. **Опис на прекршувањето: /**.

9. **Предлог мерка: /**

***Сектор за програмски работи***